ELIKOSOFT

# Софтвер за пресметка на плата (PC)

Софтверот за плати овозможува потполна евиденција на податоци на сите вработени, како и нивна пресметка на плати и боледувања.

Тој претставува интегриран систем со два различни модули:

- Човечки ресурси
- Плата

Делот за персонална евиденција овозможува водење на евиденција на основните податоци за вработените во фирмата и тоа: презиме, име, татково име, датум и место на раѓање, пол, националност, место на живеење, вид на образование, вид на работно место, стаж во фирмата и многу други податоци кои се однесуваат на вработениот во фирмата. Самиот софтвер генерира голем број на извештаи кои произлегуваат од самите податоци за вработените во фирмата.

Делот за плата овозможува пресметка на плата и тоа : пресметка на плата врз основа на параметрите дефинирани во фирмата (бодови, часови, стаж и.т.н), целосна пресметка на плата, пресметка на плата по делови, пресметка на персонален данок и придонеси, пресметка на боледување и евиденција на разни видови на одбитоци. Апликацијата овозможува генерирање на рекапитулари и прегледи по организациони единици, сектори и типови на вработени, како и генерирање на рекапитулари по банки. Системот овозможува и автоматско генерирање на пропишанитеобрасци: М4 образец, Ф1 образец, ПДДГИ образец, годишен картон, платни списоци, испплатни листи, список на боледувања и др.

Важно е да се спомене дека сите овие извештаи и обрасците се во согласност со законските прописи. Големо значение има и автоматското генерирање на TXT file коешто се вчитува во MPIN од УЈП, како и можноста за експортирање на документи во други file-формати (Excel, e-mail, PDF, HML, jpg, gif).

На крај сакаме да напоменеме дека Еликософт со својот тим стои на располагање на сите заинтересирани субјекти за било какви информации.